# БИОГРАФИЈА

## НА ПРИМ. Д-Р СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ

Сретимир Николовски е роден на 24.01.1958 година во с. Варовиште Крива Паланка. Основно училиште до четврто одделение завршил во с. Варовиште каде како одличен ученик второ и трето одделение ги завршил во една година. Понатамошното школување го продолжил во Крива Паланка и бил еден од најдобрите ученици во генерацијата . Во учебната 1971/72 година се запишува во Гимназијата " Моша Пијаде „ во Крива Паланка и со одличен успех повторно како еден од најдобрите ја завршува . Како корисник на -Титов фонд - во учебната 1975/76 се запишува на Медицинскиот факултет во Скопје и студиите ги завршува во редовен термин и на 22 години станува доктор по општа медицина со солиден просек од 8,46. Во 1980 година се вработува во Медицинскиот центар во Крива Паланка каде што активно бил вклучен во работата во општата амбуланта , работа на терен и вакцинации, а потоа и на итнта медицинска помош. Во 1986 година добива специјализација по интерна медицина која успешно ја завршува на Медицинскиот факултет 1990 година . Од тогаш па до денес совесно и одговорно ги извршува своите професионални работни задачи со секогаш присутни редици пациенти пред неговата ординација. Во 2018 година регистрирана е бројка на извршени 6500 прегледи. Во текот на неговото работење бил на многу раководни функции како и претседател и член на многу органи и комисии во Здравствениот дом во Крива Паланка и тоа :

- Претседател и член на Работничкиот совет ,
- Претседател на Синдикат – два мандати,
- Заменик директор – (шест) година ,
- Претседател на Управен одбор,
- Член на Советот на општина Крива Паланка повеќе мандати [redacted].

Активно учествувал на многу предавања , школи, симпозиуми, семинари и конгреси во Република Северна Македонија и во светот за кои има добиено сертификати. Има напишано и објавено на повеќе од 20 Конгреси од разни области од интерната медицина 46 научни трудови , најчесто како автор. Како резултат на таа негова активност го добива звањето Примариус во 2014 година . Активен член е во разни научни асоцијации и здруженија од разни области на Интерната медицина .

Во неговата долгогодишна пракса има организирано многубројни предавања на пациенти со шекерна болест како и групна едукација во Здравствениот дом која што ја посетиле многу пациенти .

Како долгогодишен активист во Црвениот крст има организирано и реализирано разни предавања и трибини за болестите на срцето и крвните садови, за наркоманијата , алхохолизмот, , малигните болести и други предавања. Како член на Комисијата за прва медицинска помош има организирано Курсеви за прва помош за возачи и има учествувано како предавач на истите.

Во два наврата за особено залагање и хуманост има добивано Благодарница од Здравствениот дом во Крива Паланка. Исто така од Лекарската комора на Македонија има добиено двапати Благодарница во 2016 година и во 2018 година за несебично залагање во работата и посветеноста на пациентите .

Исто така има добиено признание и 8мо Октомвриска награда од Совет на општина Крива Паланка за извонредни резултати во работата. Пензионер е од 24.01.2025г. со повеќе од 43 години работа во медицината без ниеден ден боледување.

Има посебен допринос и максимален успех во работата, но и огромни напори во справување со Корона епидемијата во Здравствен Дом - Крива Паланка.

Датум:

19.11.2025 г.

Сретимир Николовски